**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-229/13**

**Скопје, 02.07.2007 година**

**До**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ПОДРАЧЈЕ "ЈАСЕН"**
**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје "Јасен" - Скопје (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 17 до 20.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменсо подрачје "Јасен" Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Јордан Здравковски - вршител на должност директор до 16.02.2006 година
   - Елеонора Симовска – вршител на должност директор од 16.02. 2006 година до 24.06.2006 и од 24.06.2006 година директор,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 16 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 07.03.2007 до 20.04.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ и одговорното лице на друштвото за периодот за кој е вршена ревизијата добиени се забелешки на Претходниот извештај по точките 10.2.1, 10.2.5, 10.2.7, 10.3.5, 10.3.6, 10.4.1, 10.4.2, 10.4,3, 10.4.4, 10.4.5, 10.4.6, 10.4.7, 10.4.9, 10.4.10. и 10.4.11, заведени под број 1304-229/11 и 1304-229/12 од 06.06.2007 година и 07.06.2007 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

11.1.1. Јавното претпријатие не воспоставило систем на интерни контроли и не пропишало процедури, овластувања и распределба на должности поради што е идентификуван ризик од непочитување на принципот на навременост на искажување на настаните во трговските книги. Поради концентрирање на повеќе должности/одговорности кај едно лице без соодветна контрола врз неговото работење се врши донесување на одлуки и превземање на активности кои имаат негативно влијание врз работењето на претпријатието и овозможување на ненаменско и незаконско одлевање на средства од претпријатието и доследно почитување и придржување кон законите, подзаконските и интерните акти .

11.1.2. Извршена е оценка на системот на интерни контроли за пресметка и исплата на плати и надоместување на трошоците поврзани со работата (исхрана за време на работа, превоз до и од работа, теренски додаток и смрт на работникот или член на неговото семејство), при што е констатирано постоење ризик дека исплатените плати и надоместувања на трошоците поврзани со работата не се однесуваат на вистински извршената работа и дека истите се исплатени во рамките на Законот за работни односи, Законот за исплата на платите во Република Македонија и колективните договори. Непочитувањето на законските и подзаконските прописи и непропишувањето интерни акти со кои ќе се изврши утрдување и разграничување на одговорностите и овластувањата за одобрување на месечните исплати на плати и надоместувања на трошоците поврзани со работата за времето поминато за работа предизвикува непостоење на уредна и веродостојна евиденција за присуството за работа како основ за

исплата на платите и исплата на трошоците поврзани со работа (исхрана за време на работа, превоз до и од работа, теренски додаток и смрт на работникот или член на неговото семејство), за месеци кога вработените се на годишен одмор, кога не се на работа односно исплата на храна и превоз за 12 месеци, исплата на вработени кои не се упатени на терен, исплати за кои не е донесен акт од надле`ниот орган и исплата на надомест на лица кои не се вработени во јавното претпријатие, кое влијае на законското користење на средствата опишано во точката 11.4.1. од извештајот.

11.1.3. Извршена е оценка на системот на интерни контроли за наплата на приходите од комерцијален лов, при што е констатирано постоење на ризик дека не е извршено целосно фактурирање на отстреланиот дивеч согласно важечкиот Ценовник, што е спротивно на наведениот Ценовник и Законот за трговски друштва. Нефункционирањето на интерните контроли предизвикува намалување на максимално можните приходи кои претпријатието може да ги оствари по овој основ.

11.1.4. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на наплата и плаќање, односно располагање со паричните средства во благајната констатиран е ризик на можни злоупотреби на истите, нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната, што е спротивно на одредбите од Законот за платниот промет. Непостоењето и нефунционирање на интерни котроли во овој процес предизвикува можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

11.1.5. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јави набавки констатирано е постоење на ризик на нефункционирање на контролните постапки кои ќе обезбедат доследно почитување на Законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки и набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови на набавка. Непостоењето и нефунционирање на интерни котроли во овој процес предизвикува можност од незаконско и ненаменско користење на средствата и обезбедување на еднаква положба на понудувачите и фер конкуренција.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните органи на претпријатието да пристапат кон пропишување и донесување на интерни акти во согласност со наведените закони кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки согласно Законот за јавна внатрешна контрола и ќе обезбедат законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. Со Решение од Основениот суд Скопје -1 Скопје Трег број 6042/2005 од 21.11.2005 година извршено е запишување на Јавното претпријатие за унапредување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ Скопје во судскиот регистар, без донесен Статут од страна на Управниот одбор, односно истиот е донесен на ден 05.06.2006 година, а заведен под број 01-01/1 од 05.06.2006 година. Основачот-Владата на Република Македонија прво дала Согласност на Статутот на Јавното претпријатие со допис број 19-3074/1 од 04.07.2006 година, за да подоцна даде неколку укажувања што се однесуваат на Статутот наведени во

Извадокот од Нацрт – записникот од 110 седница на Владата на РМ број 19-3074/1 од 07.07.2006 година. Управниот одбор на претпријатието до денот на ревизијата нема постапено по укажувањата односно нема донесено Измени и дополнувања на Статутот, што е спротивно на Закон за јавни претпријатија и членовите 22 и 93 од Законот за трговски друштва. Ваквата состојба предизвикува претпријатието да го извршува своето работење врз основа на акти кои не се усогласени со постоечката законска регулатива и имаат свое влијание во управувањето и раководењето со претпријатието.

11.2.2. Со Одлука број 19-2393/1 од 13.10.2005 година донесена од Владата на Република Македонија е основано Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје "Јасен" Скопје. Основачот - Владата на Република Македонија нема извршено усогласување на содржината на Одлуката за основање со Статутот на претпријатието заведен под број 01-01/1 од 05.06.2006 година, со Решението за именување членови на Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење број 33-6833/2 од 23.01.2007 година, и со Решението за именување на членови на Управниот одбор на "Јасен" Скопје број 33-3503/1 од 19.12.2005 година, од причина што Статутот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење не е донесен односно не се именувани во рокот од 45 дена од денот на стапувањето во сила на Одлуката за основање на Јавното претпријатие. Непочитувањето на одредбите на наведената одлука и непревеземањето на активност за усогласување на наведените акти со Одлуката за основање оневозможува извршување на надлежноста на Управниот одбор и Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие.

11.2.3. Основачот на Јавното претпријатие – Влада на Република Македонија со основање на Јавното претпријатие не извршил формирање и именување на членови на Надзорен одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на претпријатието, што е спротивно на член 26 од Законот за јавни претпријатија. Непревземањето активности од страна на основачот за формирање надзорен одбор и именување негови членови предизвикало неможност од вршење на контрола на материјано-финансиското работење на претпријатието од страна на основачот во текот на 2006 година. На 23.01.2007 година Влада на Република Македонија донела Решение за именување членови на Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење заведено под број 33-6833/2 од 23.01.2007 година со кое е извршено формирање и именување на членови на надзорен одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на претпријатието.

11.2.4. Јавното претпријатие за деловната 2006 година нема донесено програма за работа и развој (инвестициона програма) што е спротивно на Законот за јавни претпријатија и Статутут на јавното претпријатие. Непревземањето на активности за изработка на наведените програми, нивно донесување и обезбедување согласност од страна на основачот придонесува да се оневозможи учество во управувањето и одлучувањето во јавното претпријатие од страна на основачот, а работењето да се одвива стихијно.

11.2.5. На ревизијата не и беше презентиран Финансиски план на Јавното претпријатие за 2006 година кој ги содржи сите приходи и расходи на претпријатието и инвестициите со динамиката на нивното реализирање во согласност со член 30 од Законот за јавни претпријатија. Непрезентирање на финансискиот план предизвикува неможност за утврдување дали остварените приходи и направените трошоци во претпријатието се во согласност со планираните активности или постојат отстапувања од финансискиот план.

11.2.6. Јавното претпријатие во текот на месец јуни 2006 година пристапило кон донесување решенија за распоредување на вработените и утврдување на висината на платата, при што како еден од критериумите за донесување на наведените решенија се користи и Колективниот договор на ЈПУЗПП „Јасен"-Скопје кој колективен договор не постои односно не е донесен од надлежните органи што е спротивно на Законот за работните односи. Донесувањето на наведените решенија врз основа на акт кој не е донесен оправдувајќи го истото дека „сите ги пишуваа решенијата и притоа имавме намера да го донесеме наведениот колективен договор" предизвикува ништовност на донесените договори и исплата на плата за кои не постои веродостоен документ.

11.2.7. Јавното претпријатие не превземало активности за средување на персоналната евиденција на вработените што е спротивно на Законот за работни односи, Законот за архивска граѓа и Уредбата за канцелариско и архивско работење. Непочитувањето на наведените законски и подзаконски акти предизвикува персоналните досиеја на вработените да не се уредни и во истите недостасуваат потребните документи од кои може да се утврди фактичката состојба како основа за остварување на правата од работен однос.

11.2.8. Јавното претпријатие пристапило кон исплата на надоместок на трошоците поврзани со работа/ надомест за превоз до и од работа без притоа да ги превземат потребните активности за утврдување на оддалеченоста на местото на живеење на вработените до местото на работа и утврдување на стварниот износ на трошоците за овој вид на надоместок што е спротивно на одредбите на Законот за работните односи и колективниот договор. Непочитувањето на наведените прописи предизвикува исплата на наведениот надоместок за вработени за кои не е водена постапка дали го остваруваат наведеното право и сите вработени да добиваат месечен надоместок по 1,6 илјади денари без разлика на стварните трошоци за оваа намена.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните органи и менаџментот на претпријатието да превземат мерки и активности и да пристапат кон усогласување на интерните акти на претпријатието согласно важечките законски прописи и да обезбедат имплементирање на укажувањата од страна на основачот.

2. Основачот - Владата на Република Македонија да изврши усогласување на содржината на Одлуката за основање со Статутот на претпријатието, со Решението за именување членови на Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење и со Решението за именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие.

3. Јавното претпријатие во своето работење да ги почитува законските одредби и секоја наредна деловна година своето работење да го извршува по претходно донесен финансиски план и програма за работа и развој (инвестициона програма) согласно позитивните законски прописи.

4. Надлежните органи во претпријатието да превземат активности и мерки за уредување на прашањето од областа на колективното договарање на ниво на работодавач (претпријатие), усогласување на претходно донесените решенија и задолжување на одговорниот работник за средување на персоналната евиденција на вработените.

5. Надлежните органи да превземат активности за пропишување и донесување на интерни акти кои ќе обезбедат доследно почитување и придржување кон законските, подзаконските и интерните акти и исплата на наведениот надоместок во законски утврдените граници.

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Надлежните органи на претпријатието не превземале активности за пропишување, донесување и примена на сметководствени политики при составувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието започнувајќи со деловната 2006 година, што е спротивно на член 469 од Законот за трговските друштва, точка 20 од МСС-1 Презентирање на финансиски извештаи и точка 7 од Меѓународниот стандард за финансиско известување - 1 Првично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување. Непочитувањето на наведените законски акти и меѓународни стандарди предизвикуваат финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени во согласност со барањата утврдени во наведените стандарди кое има свое влијание во насока на квалитетот на финансиските извештаи и релеватноста и веродостојноста на информациите кои ги обезбедуваат. Во текот на ревизијата Јавното претпријатие превзеде активности за пропишување на потребните сметководствени политики.

11.3.2. Пописната комисија не превземала активности за целосно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на материјалните и нематеријалните средства, искажани во Извештајот за извршениот попис и состојбата на истите сметки во сметководствената евиденција, и не е донесен акт од органот на управување за извршено усвојување на Извештајот за извршениот попис согласно член 473 од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на активности и непочитување на наведените законски и подзаконски акти за спроведување на пописот предизвикува неможност да се утврди и евидентира фактичката состојба на нематеријалните и материјалните средства и да се изврши нивно усогласување со сметководствената евиденција и за утврдените разлики да се изјасни органот на управување.

11.3.3. Не се пропишани и воспоставени сметководствени политики за евидентирање на трошоците за производство, односно евидентирање на трошоци кои се однесуваат на произвозводството на фазани во "Фазанерија" Катланово и евидентирање на видот на трошоците кои влегуваат во вредноста на залихите на недовршеното производство и

готовите производи, што е спротивно на МСС. Непочитување на МСС предизвикува неможност да се утврди калкулацијата на цената на чинење на готовиот производ, негово споредување со продажната цена и утврдување на рентабилноста на работењето во делот на произвозводство и промет со фазани.

11.3.4. Јавното претпријатие нема воспоставено сметководствени политики за разграничување на производствените трошоци од административните општи трошоци. Според МСС 2, административните трошоци кои не придонесуваат за доведување на залихите во постојана локација и услови, се исклучуваат од трошоците на залихите и се признаваат како расходи во периодот во кој што се настанати. Невоспоставени сметководствени политики за разграничување на трошоците е спротивно на МСС2. Непочитување на МСС предизвикува намалување на квалитетот на финансиските извештаи и релевантноста и веродостојноста на информациите што тие ги даваат.

11.3.5. Склучен е Договор за изградба на шумски пат заведен под број 03-07/3-8 од 13.09.2006 година помеѓу ЈПУЗПП "Јасен" Скопје и "ЕМИ КОМ" Исмаил ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за изградба на шумски пат во должина од 7 километри во м.в. Ивање. На ден 20.11.2006 година составен е Записник за извршена контрола на изработката на патот (при што Записникот не е потпишан од страна на еден член од комисијата) од страна на Комисија составена од претставници на Јавното претпријатие и е констатирано на лице место дека е изработен шумски пат во должина од 3 километри и 600 метри со постигната согласност од двете страни за доработка на уште 300 метри шумски пат, односно 3 километри и 100 метри помалку од договореното, што е спротивно на член 1 и член 6 од договорот. Непочитување на договорот и недовршување на шумскиот пат како и непревземени активности од страна на претпријатието за исполнување на обврските на изведувачот согласно потпишаниот договор предизвикува неможност од остварување на планираните активности на Јавното претпријатие и остварување на целите за проста и проширена репродукција на шумите.

11.3.6. Јавното претпријатие во своето работење не обезбедило доследно почитување на Ценовникот на готови шумски производи, дрва на пењушка и пристапило кон продажба на огревно дрво на одреден број на крајни крисници по цени пониски од пропишаните, без акт од надлежен орган и согласност од основачот што е спротивно на одредбите од Законот за јавните претпријатија и Сатутот на претпријатието. Непочитувањето на одредби од Законот и Статутот предизвикува продажба на производи по цени кои предизвикале остварување на приход на претпријатието во помал износ од 1.214 илјади денари.

11.3.7. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 23 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 5 одговори, што претставува 22% од вкупно испратените, од кои 1 е потврдена односно 20% од пристигнатите а 4 не се потврдени односно 80% додека 18 воопшто не одговорија што претставува 78% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите комитенти кое оневозможува

целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. Да се превземат активности за усвојување и имплементирање на сметководствените политики за изработување на финансиските извештаи согласно барањата утврдени во МСС и МСФИ.

2. Надлежните органи да превземат активности за пропишување соодветни политики за извршување на целосен попис, утврдување на фактичката состојба и нејзино усогласување со сметководствената евиденција на нематеријалните и материјалните средства.

3. Да се превземат мерки и активности за пропишување на соодветни политики за воведување на за евидентирање на трошоците за производство согласно МСС.

4. Јавното претпријатие да пристапи кон пропишување на соодветни политики за разграничување на производствените трошоци од административните општи трошоци согласно МСС.

5. Менаџментот на претпријатието да превземе мерки и активности за исполнување на обврските од страна на изведувачот согласно склучениот договор за изградба на шумски пат.

6. Јавното претпријатие во своето понатамошно работење да спроведе мерки и активности кои ќе обезбедат доследно почитување на Ценовниците согласно Законска регулатива и Статутот на претпријатието со што ќе се оневозможи остварување на помал приход на претпријатието.

7. Да се превземат активности за конфирмирање на побарувањата и обврските кое ќе преставува основа за усогласување на побарувањата и обврските и нивното реално и објективно прикажување во финансиките извештаи.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Извршени се набавки на ситен инвентар, резервни делови, автогуми, градежни работи, адвокатски услуги , осигурување, превоз на дрва пченка, риба, прехранбени производи, лекови и друго, во вкупен износ од 7.382 илјади денари и тоа:

- Извршени набавки без спроведена постапка за јавни набавки во вкупен износ од 1.279 илјади денари;
- Извршени набавки со спроведена постапка за јавни набавки, спротивно на Законот за јавни набавки во вкупен износ од 6.103 илјади денари;

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата, необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. (прилог бр. 1 и прилог бр.2)

11.4.2. Во текот на 2006 година вршени се исплати на парични средства од благајна во готово во вкупен износ од 1.216 илјади денари по повеќе основи и тоа:

- Средства во износ од 240 илјади денари на име јубилејни награди по претходно донесена Одлука од директорот на претпријатието за исплата на јубилејни нагаради со прилог список на лица вработени во претпријатието. За исплатените средства за оваа намена не постои Оддлука од надлежен орган, во одлуката од директорот не е наведено за каков јубилеј се исплатени средствата, не постои авторизација на списоците од сите лицата на кои се исплатени средствата и не е пресметан и платен персонален данок од доход во износ од 43 илјади денари, што е спротивно на Статутот на претпријатието, Општиот колективен договор и Законот за персонален данок од доход. Непочитување на законските и подзаконските акти предизвикува ненаменско и незаконско трошење на средства во износ од 240 илјади денари и неплатен персонален данок во износ од 43 илјади денари.

- Согласно Одлука 02-01 131/1 од 01.11.2006 година донесена од страна на директорот исплатен е бонус за прекувремени часови на вработени од стредства наменети за пошумување, Исплатата е извршена без согласност од страна на Управниот одбор, спротивно на одредбите од Законот за шумите и Статутот на претпријатието. Извршена пренамена на средства и нивна исплата за бонус на вработените предизвикува ненаменско и незаконско трошење на средствата во износ од 165 илјади денари.

- Исплатени се средства во износ од 771 илјада денари за ангажирани лица со Договор по дело. За извршените исплати не постои уредна и веродостојна документација за лицата кои ги примиле средствата или ги вршеле активностите. Ваквиот начин на ангажирање на работници, трошење на средства на претпријатието и евидентирарање во сметководствената евиденција без уредна и веродостојна документација е спротивен на Законот за трговски друштва и Законот за работни односи. Непочитување на законските прописи предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата на претпријатието.

- Во текот на 2006 година вршена е исплата на средства за набавка на нафта и нафтени деривати по празни сметкопотврди на кои не е наведено за каков вид на гориво се работи и која количина, спротивно на Законот за трговски друштва, со што е извршена незаконска исплата на средства во износ од 40 илјади денари.

11.4.3. Склучен е договор за набавка на разен вид риба заведен под број 05.06/24-8 од 13.07.2006 година и Анекс кон договорот бр, 0410-2 од 07.06.2006 година помеѓу ЈПУЗПП "Јасен" Скопје и Галеб Турс Скопје за набавка на 2000 килограми разен вид риба за порибување на езеро Козјак. Со увид во Договорот и Анексот кон договорот констатирано е следното:

- Јавното претпријатие склучило Анекс кон договор со датум пред склучување на самиот договор што е спротивно на член 472 од Законот за трговски друштва;
- на 28.07.2006 година од страна на Јавното претпријатие даден е аванс во вкупен износ од 182 илјади денари на Галеб Турс, спротивно на член 3 од договорот и член 1 од Анексот кон договорот;

- за набавената риба во сметководствената евиденција евидентирана е фактура број 17-04/07 со датум од 25.07.2006 година од Галеб Турс и испратница бб од 15.11.2006 година на 2000 кг крап од Делфино 96 од Скопје според кои рибата е примена во Катланово, иако истата била наменета како рибен подмладок за Езеро Козјак што е спротивно на договорот;
- поради несоодветните услови во Катланово рибата е угината и не е извршено порибување на Езеро Козјак што е спротивно на член 1 од договорот;
- авансот во износ од 182 илјади денари не е вратен во Јавното претпријатие од страна на Галеб Турс што е спротивно на член 1 од Анексот кон договорот;
- на ревизијата и беше презентирана испратница за дивеч број 000134 од 15.07.2006 година за испорака на 14 диви свињи-живи за вкупен износ од 94 илјади денари и истата не е евидентирана во сметководствената евиденција, што е спротивно на Законот за трговски друштва.

Поради даден аванс, необезбедени соодветни услови за чување на рибен подмладок, извршена продажба на живи диви свињи, и постоење на неуредна и неверодостојна документација со склучувањето на Анекс на договор кој во моментот не постои и прифаќање на услови во договорот неповолни за претпријатието директорот на претпријатието ги надминал своите надлежности кои му се дадени согласно Статутот и Законот и извршено е нанесување на штета на претпријатието во вкупен износ од 276 илјади денари.

11.4.4. Склучен е Договор за набавка на пченка заведен под број 03-07/3-4 од 15.07.2006 година помеѓу ЈПУЗПП “Јасен” Скопје и ДАСТ ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за набавка на 125 тони пченка. Јавното претпријатие во текот на 2006 година извршило набавка на 140,62 тони пченка што е за 15,62 тони повеќе од договореното. За примената пченка од 16 тони во вредност од 149 илјади денари во сметководствената евиденција не постои испратница од која може да се констатира дека истата е примена во Јавното претпријатие, што е спротивно на Законот за трговски друштва и член 7 од Договорот. Непостоење на уредна и веродостојна документација за извршената набавка на пченка и непочитување на одредбите од договорот предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата на претпријатието за износ од 149 илјади денари.

11.4.5. На ден 11.09.2006 година склучен е Договор за купопродажба на пловен објект и истиот не е заведен во деловодникот на претпријатието. Договорот е склучен помеѓу Друштво за производство, промет и услуги “Грин Планет” ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и Јавното претпријатие. Предмет на договорот е купопродажба на пловен објект, чамец BMMA GLASTORN WAC 5007-1989 со должина од 7,5 метри по цена од 181 илјада денари. Врз основа на Договор за купопродажба на пловен објект склучен на ден 11.09.2006 година склучен помеѓу Елеонора Симовска и Друштвото за производство, промет и услуги „Грин Планет“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, ревизијата констатира дека наведениот пловен објект бил продаден од лицето Е.С. за износ од 170 илјади денари со пресметан ДДВ, за да потоа истиот пловен објект биде продаден од Друштвото за производство, промет и услуги „Грин Планет“ ДООЕЛ експорт-импорт-Скопје на Јавното претпријатие за износ од 181 илјада денари. Исто

така средствата од купопродажбата помеѓу Е.С. и „Грин Планет" ДООЕЛ експорт-импорт-Скопје се уплатени во износ од 154 илјади денари на штедна книшка на лицето В.В. вработен во јавното претпријатието и во родниска врска со лицето Е.С.- директор на јавното претпријатие. Ваквата состојба предизвикува ненаменско користење на средствата на претпријатието, надминување на надлежностите на дииректорот кои му се дадени согласно Статутот и Законот и нанесување на штета на претпријатието.

11.4.6. Јавното претпријатие од 2002 година до известувачкиот датум 31.12.2006 година не извршило уплата на парични средства во вкупен износ од 2.532 илјади денари што претставува 3% од вкупниот промет со дрва на сметката на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за проширена репродукција на шумите, што е спротивно на член 69 од Законот за шумите. Непочитување на Законската регулатива и неизвршување на уплата на паричните средства предизвикува намалување на приходот на Министерството по овој основ , а со тоа и намалување на парични средства за исполнување на Програмата за проширена репродукција на шумите.

11.4.7. На ден 08.10.1998 година склучен е Договор за давање на користење на дивечот во ловиштето "Фазанерија" заведен под број 03-7/98 помеѓу Р.О. "Национални паркови и ловишта" Скопје и Владата на Република Македонија застапувана од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со кој се утврдени начинот и условите за давање на користење на дивечот во ловиштето "Фазанерија". Согласно член 4 од договорот корисникот на ловиштето е должен да го плати надоместокот за користење на дивечот во ловиштето утврден за секоја година во посебната ловостопанска основа до 30 јуни за тековната година. До денот на ревизијата обврската на Јавното претпријатие за надоместок за добиената концесија изнесува 258 илјади денари и истите не се уплатени на сметка во Буџетот на Република Македонија, што е спротивно на Законот за концесии и договорот. Непочитување на законската регулатива, одредбите од договорот и неизвршена уплата на средстата предизвикува намалување на приходите на Буџетот на Република Македонија за износ од 258 илјади денари.

11.4.8. Врз основа на пописна листа од 31.12.1989 година од Републичката дирекција за стоковни резерви е констатирано дека во текот на месец ноември 1989 година извршено е складирање на нафтени деривати-Д2 во количина од 18.300 литри во резервоарите на Јавното претпријатие. Од увидот во известувањето број 07-1152/4 од 26.09.2003 година се констатира дека Министерството за финансии – Биро за стоковни резерви го известува Јавното претпријатие за потребата од обезбедување на потребната количина на нафтени деривати истата да ја ускладишти во акцизен склад на Окта АД Скопје. Јавното претпријатие и Бирото за стокви резерви на ревизијата не и презентираа пишан акт/договор за уредување на меѓусебните права и обврски, што е спротивно на одредбите од Законот за стоковните резерви и Законот за облигационите односи. До денот на ревизијата не е извршено разрешување на наведената состојба и не е обезбедено враќање на нафтените деривати.

11.4.9. Со ревизија на остварените приходи од риболовни дозволи ревизијата констатира дека Јавното претпријатие не воспоставило политики за

доследно почитување на Ценовникот за отстрел на дивеч и услуги во ловиштата на ЈПУЗПП "Јасен" , односно:

- o склучувани се Договори за користење на риболовен ревир "Козјак" со Здруженија на спортски риболовци "Вардар" и Здруженија на спортски риболовци "Клен" со кои на спортските риболовци од здруженијата им се овозможило да вршат спортски риболов на риболовниот ревир "Козјак" по цени пониски од цените во Ценовникот за отстрел на дивеч и услуги во ловиштата на ЈПУЗПП "Јасен",
- o пристапило кон давање на 30 годишни риболовни дозволи без надоместок,

Со давање на риболовни дозволи без надоместок и склучување на договори по цени пониски од цените утврдени во Ценовникот без акт од надлежен орган и согласност од основачот директорот на претпријатието ги надминал своите овластувања дадени согласно Законот и Статутот на претпријатието и овозможил остварување на помалку приходи на претпријатието во износ од 54 илјади денари.

11.4.10. Јавното претпријатие нема пропишано и воспоставено политики и процедури на следење, известување, фактурирање на застрел на дивеч и почитување на периодот во кој се врши отстрелот на дивеч што е спротивно на Решението издадено од државниот инспектор за шумарство и ловство заведено под број 14-6-10/1 од 24.08.2006 година, член 13 од Законот за ловството и Законот за трговските друштва. За осознавање и потврдување на реалните и веродостојни состојби презентирано е известување од вршителот на должноста директор во претпријатието со приложени известувања од Д.О.О.Сафари Интернационал-Сремска Каменица и Компас Кочани од кое може да се констатира дека вкупната вредност на извршениот отстрел на дивеч изнесува 2.751 илјади денари, кое споредено со извршеното фактурирање во износ од 2.364 илјади денари се констатира разлика во износ од 388 илјади денари. Карактеристично за начинот на наплата на извршениот отстрел е тоа што истото се врши во готово во странска парична единица (евра и друго) од страна на вработени во јавното претпријатие, кои за примените средства издаваат каса прими во денарска противвредност во помал износ односно несоодвествуваат со реално примените девизни средства од причина што во книговодството постојат само фактури кои не се поткрепени со друга поткрепувачка документација (испратници) колку и што е отстрелано од кои лица и која категорија на трофеј од отстреланиот дивеч. Сето ова предизвикува да се створи разлика на парични средства која не е евидентирана во сметководствената евиденција а за истите со контролата е констатирано и утврдено дека за 296 илјади денари постојат фиктивни сметки за покривање на најразлични видови на трошоци на претпријатието, кои не се приложени ниту во благајната ниту во сметководствената евиденција. Непочитувањето на законсконските одредби, невоспоставувањето на соодветните политики и процедури и не извршеното фактурирање предизвикува овозможување корист на поединци и неостварен приход на претпријатието во износ од 388 илјади денари.

11.4.11. Извршени се исплати на име надоместување на трошоците поврзани со работата (исхрана за време на работа, превоз до и од работа, теренски додаток и смрт на работникот или член на неговото семејство) односно на име теренски додаток средства во износ од

1.571 илјада денари, надомест за храна во износ од 1.185 илјади денари, надомест за превоз до и од работа во износ од 630 илјади денари и надомест за смрт на работник или член на негово семејство во износ од 20 илјади денари без притоа доследно да се почитуваат одредбите на Законот за работни односи, Законот за исплата на платите во Република Македонија, Законот за персоналниот данок на доход и колективните договори. Непочитувањето на наведените законски подзаконски акти предизвикува:

- исплата на теренски додаток и за лица кои не биле на терен односно не постои уредна евиденција за извршување на работите на терен, вклучувајки ги и примањата по овој основ на менаџментот на претпријатието,
- исплата на теренски додаток за месеците март, јуни, јули, август и октомври без притоа да биде донесен акт од надлежниот органи со што е извршено незаконска исплата на надоместокот во износ од 534 илјади денари,
- исплата на теренски додаток на вработените кога истите се на годишен одмор со што е извршена незаконска исплата на средства во износ од 134 илјада денари и не е извршено пресметување и плаќање на име персонален данок на доход во износ од 24 илјади денари,
- исплата на надомест за исхрана на вработените кога истите се на годишен одмор односно на службено патување и слично, со што е извршена незаконска исплата на средства во износ од 91 илјада денари и не е извршено пресметување и плаќање на име персонален данок на доход во износ од 16 илјади денари,
- исплата на надомест за превоз до и од работа кога вработените се наоѓаат на теренска работа (односно не користат јавен превоз) и кога вработените се на годишен одмор, службено патување и слично, со што само за периодот кога вработените се на годишен одмор исплатени се средства во износ од 53 илјади денари и не е извршено пресметување и плаќање на име персонален данок на доход во износ од 9 илјади денари,
- исплата на име еднократна парична помош во износ од 20 илјади денари на лице кое не е вработено во претпријатието и за кој износ не е пресметан и платен персонален данок на доход во износ од 4 илјади денари.

Вкупниот ефект од погоренаведените незаконски исплати изнесува 698 илјади денари и непресметан и платен персонален данок на доход во износ од 53 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатоие да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

2. Менаџментот на претпријатието да превземе мерки и активности за воспоставување на контролни механизми при исплата и уплата на парични средства во балагајната со што би се оневозможило незаконско и ненаменско користење на средствата на претпријатието, а за извршените исплати во 2006 година да превземе законски мерки за лицата кои ги овозможиле тие исплати.

3. Да се превземат активности за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат доследно почитување на законските и подзаконските акти од

областа на работните односи, да ја утврди потребата од дополнителна работна сила за пополнување на слободни работни места и нивно ангажирање согласно Закон за Агенција за привремени вработувања.

4. Јавното претпријатие да превземе постапка за поврат на одлеаните средства од претпријатието во корист на разни добавувачи по претходно склучени договори и без постоење на уредна и веродостојна документација.

5. Јавното претпријатие да изврши уплата на паричните средства извоени за проширена репродукција на шумите со цел исполнување на законските обврски кои ги има спрема Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

6. Јавното претпријатие да изврши уплата на паричните средства во Буџетот на Република Македонија на име надоместокот за користење на дивечот во ловиштето “Фазанерија”.

7. Јавното претпријатие и Министерството за финансии – Биро за стоковни резерви да превземат мерки и активности за разрешување на наведената состојба.

8. Јавното претпријатие во своето понатамошно работење да спроведе мерки и активности кои ќе обезбедат доследно почитување на Ценовниците согласно Законска регулатива и Статутот на претпријатието со што ќе се оневозможи остварување на помал приход на претпријатието.

9. Да се превземат мерки и активности за пропишување и воспоставување политики и процедури на следење, известување и фактурирање на застрел на дивеч и почитување на периодот во кој се врши отстрелот на дивеч како и наплата на приходи по овој основ врз основа на уредна и веродостојна документација.

10. Надлежните органи да превземат активности за пропишување и донесување на интерни акти со кои ќе се уредат правата и обврските на вработените од областа на работниот однос, ќе се обезбеди исплата на надоместоците со стварните трошоци поврзани со работата во законски утврдените граници и ќе ги задолжи вработените да го вратат повеќе примениот износ на име теренски додаток, хранарина и патарина за месецот кога биле на годишен одмор.

11.5. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2; 11.3 и 11.4 предизвикуваат: невоспоставени интерни контроли во работењето, неусогласеност на Статутот со законската регулатива, недонесување на соодветни акти и сметководствени политики, непочитување на одредбите од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, непочитување на Ценовниците при наплата на приходи по разни основи на претпријатието, непочитување на Законот за јавни набавки и склучување на договори штетни за претпријатието, ненаменски и незаконски исплати на средства од благајна без постоење на уредна и веродостојна документација, непочитување на договорите за концесија и неуплаќање на средства на сметката на Буџетот на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, невоспоставени политики за

следење и наплата на приходи од отстрел на дивеч и постоење на фиктивни сметки за покривање на разни видови на трошоци.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. до 11.3. финансиските извештаи не ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје “Јасен” - Скопје под 31 Декември 2006 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1; и 11.5., кај Јавното претпријатие не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2006 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1.1. На ден 21.06.2006 година склучен е Договор за условите и начинот на чување-одржување и обезбедување на недвижен имот, материјално-технички средства и опрема заведен во Јавното претпријатие под број 03-07/15 помеѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и Јавното претпријатие за унапредување и заштита со повеќенаменско подрачје “Јасен” Скопје. Од страна на Јавното претпријатие на ревизијата и беше презентиран договор без да ги содржи сите одредби со објаснување дека истиот претставува државна тајна. Од оваа причина Главниот државен ревизор со писмо број 1310-352/1 од 13.04.2007 година се обрати до Министерството за одбрана со кое побара да биде доставена копија од наведениот договор заведен во Министерството под број ДТ бр. 03-38/3 од 21.06.2006 година со цел обезбедување и прибавување на компетентни и соодветни докази за испитување на расходите, финансиските извештаи, финансиските трансакции, и постапки и други евиденции од аспект дали истите вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени стандарди и стандардите на ревизијата. До денот на изготвувањето на ревизорскиот извештај истиот не е доставен од страна на Министерството за одбрана. Забрана за ставање на располагање на документите кои имаат ознака државна тајна на овластениот државен ревизор претставува ограничување на делокругот на ревизијата што е спротивно на Меѓународните ревизорски стандарди и член 20 од Законот за државна ревизија.

14.1.2. На ден 29.09.2006 година Јавното претпријатие за унапредување и заштита на повеќенаменско подрачје “Јасен” Скопје поднесува Тужба до Основен Суд Скопје 1 Скопје каде каде како тужител се јавува Јавното претпријатие за унапредување и заштита на повеќенаменско подрачје “Јасен” Скопје и како тужен Друштво за воздушна пловидба АД Македонски Авиотранспорт Скопје. Врз основа на писмен Договор за Асигнација , тужителот - Јавното претпријатие Национални паркови и ловишта “Јасен” има побарување од Алмако банка АД во стечај Скопје во износ од 15.583 илјади денари. Исплатата на побарувањето требала да се изврши преку Асигнатот-упатеникот Јукан Инженеринг ДОО Скопје кој со Договор за асигнација 03-07/23 од 10.12.2001 година ја превзема обврската према тужителот, а за сметка на Алмако банка АД – во стечај Скопје. На 09.04.2003 година со Договор за превземање

на долг склучен помеѓу Јукан Инженеринг ДОО Скопје, Друштвото за воздушна пловидба АД Македонски авиотранспорт Скопје и Јавното претпријатие Национални паркови и ловишта “Јасен” Скопје со кој договор АД Македонски авиотранспорт Скопје го превзел долгот од Јукан Инженеринг ДОО Скопје во износ од 15.583 илјади денари и истите требало да бидат уплатени на сметката на Јавното претпријатие Национални паркови и ловишта “Јасен” Скопје. До денот на ревизијата сеуште не е разрешен судскиот спор и не се уплатени средствата на сметката на Јавното претпријатие за унапредување и заштита на повеќенаменско подрачје “Јасен” Скопје како правен наследник на Јавното претпријатие Национални паркови и ловишта “Јасен” Скопје.

**Скопје, 28.06.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Јавно Претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје "Јасен" - Скопје**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 4,312 | 95 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 10,332 | - |
| Останати деловни приходи | 10,060 | 2,833 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **24,704** | **2,928** |
| Залиха на почетокот на периодот | 578 | 578 |
| Залиха на крајот на периодот | 587 | 578 |
| Материјални трошоци | 14,512 | 609 |
| Трошоци за бруто плати | 9,708 | 747 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 2,704 | 696 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 73 | - |
| Резервирања за трошоци и ризици | 745 | - |
| Останати оперативни трошоци | 7,475 | 456 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **35,208** | **2,508** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 23 | - |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 243 | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(10,724)** | **420** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(10,724)** | **420** |
| **Данок од добивка** | **-** | **68** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(10,724)** | **352** |

**Јавно Претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје "Јасен" - Скопје**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 2,121 | 8,182 |
| Побарувања по основ на продажба | 4,706 | 5,662 |
| Други краткорочни побарувања | 207 | 24 |
| Залихи | 587 | 578 |
| **Вкупно тековни средства** | **7,621** | **14,446** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 80,212 | 82,077 |
| **Вкупно нетековни средства** | **80,212** | **82,077** |
| **Вкупна актива** | **87,833** | **96,523** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 3,291 | 1,259 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 5,031 | 5,031 |
| Останати краткорочни обврски | 3,151 | 2,332 |
| Одложени плаќања на трошоци | 6 | - |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **11,479** | **8,622** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни резервирања | 498 | 1,321 |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 65,871 | 65,871 |
| Резерви | 4,016 | 4,016 |
| Акумулирана добивка | 16,693 | 16,693 |
| Загуба за финансиска година | 10,724 | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | **86,580** | **86,580** |
| **Вкупна пасива** | **87,833** | **96,523** |

**Јавно Претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје "Јасен" - Скопје**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2006 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **65,871** | **4,016** | **16,693** | **-** | **86,580** |
| Загуба за финансиска година | | | | **(10,724)** | **(10,724)** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **65,871** | **4,016** | **16,693** | **(10,724)** | **75,856** |

**Јавно Претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје "Јасен" - Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2006 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2006/2005** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(10,724)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 2,704 |
| Резервации на трошоци | 745 |
| **Готовински текови од работење** | **(7,275)** |
| Побарувања по основ на продажба | 956 |
| Други краткорочни побарувања | (183) |
| Залихи | (9) |
| Обврски спрема добавувачи | 1,287 |
| Останати краткорочни обврски | 819 |
| Одложени плаќања на трошоци | (817) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(5,222)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (839) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(839)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(6,061)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **8,182** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **2,121** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1305-229/27**

**Скопје, 06.09.2007 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004 и 70/06), постапувајки по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавно преетпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје “Јасен” Скопје (во понатамошниот текст Јавно претпријатие) за 2006 година заведен под број 1304 -229/26 од 07.08.2007 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

## ***Р Е Ш Е Н И Е***

### ***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот поднесен на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за 2006 година **<u>не се прифаќа</u>**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор преставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интегрира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### ***О б р а з л о ж е н и е,***

Образложенијата за неприфаќање на приговорот се следните:

1. Упатениот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на неутврдени причини за финансиската загуба за 2006 година и недоставен список на доставени документи по кој е извршена ревизијата и прилог на секој документ по секоја позиција во Извештајот како прилог кон Извештајот, **<u>не се прифаќа</u>**, поради тоа што надлежните органи на претпријатието имаат обврска да изготват Ивештај за работењето за соодветниот известувачки период и да дадат образложение за искажаниот финансиски резултат. Од страна на ревизијата е дадено мислење со кое се констатира дека финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на претпријатието (вклучувајќи ја и загубата).

2. Упатениоот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на ненаправено разграничување на периодите на директорите и

нивните предмети, **не се прифаќа**, поради тоа што во точка 4 од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор е наведено дека финансиските извештаи на Јавното претпријатие за 2006 година претставуваат одговорност на раководството на субјектот, односно на законските застапници на претпријатието.

3. Упатениот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на непостоење на барање од ревизорот до Јавното претпријатие за достава на докумнтацијата, список на доставени документи по кој е извршена ревизијата , како и прилог на секој документ по секоја позиција во Извештајот како процедура во секое финансиско вештачење, **не се прифаќа**, поради тоа што во конкретниот случај не станува збор за финансиско вештачење, туку за ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие, која е извршена согласно овластувањето на Државниот завод за ревизија. Ревизијата е извршена по барањата утврдени во точка 156 од Правилникот за ревизорски стандарди за државна ревизија и точка 2 од Меѓународниот стандард за ревизија 230 Документација, односно ревизијата има обезбедено соодветни докази за утврдените состојби но нема обврска истите да ги доставува во прилог кон ревизорскиот извештај.

4. Упатениот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на недоставена целокупна веродостојна документација и извршено селективно презентирање на истите од кои се утврдени погрешни податоци од страна на ревизијата, **не се прифаќа**, поради тоа што ревизијата е извршена по барањата утврдени во точка 155 од Правилникот за ревизорски стандарди за државна ревизија, односно обезбедени се компетентни, релевантни и разумни докази, додека одговорното лице за финансиските извештаи за периодот за кој што е извршена ревизијата до денот на изготвување на Решението не достави дополнителни докази со кои ќе ја оспори утврдената состојба од страна на ревизијата во точка 11.2.5.

5. Упатениот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на недоставен Приговор од Јавното претпријатие по основ на Претходниот Извештај и поднесените докази кон истиот, **не се прифаќа**, поради тоа што наведеното барање е надвор од овластувањата кои се дадени на Државниот завод за ревизија согласно Законот за државна ревизија.

6. Упатениот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на неприфаќање на барањето за увид заедно со ревизијата во Јавното претпријатие пред донесување на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор, **не се прифаќа**, поради тоа што ревизијата постапи по барањата утврдени во Меѓународниот стандард за ревизија 260 Комуницирање за ревизорски прашања со оние кои се одговорни за управувањето, за што на ден 29.05.2007 година, ревизијата изврши презентирање на утврдените состојби содржани во Претходниот Извештај на овластениот државен ревизор пред одговорното лице за финансиските извештаи за периодот за кој што е извршена ревизијата, за што е направена писмена белешка. Ревизијата нема овластување да посредува во односите помеѓу одговорното лице за финансиските извештаи за периодот за кој што е извршена ревизијата и актуелниот менаџмент на претпријатието.

7. Упатениот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на Претходниот Извештај како причина за отказ на одредени лица во Јавното претпријатие како и повикување на медиумите на Претходниот Извештај на овластениот државен ревизор **не претставува приговор** туку информирање за настанатите состојби во Јавното претпријатие по издавање на Претходниот Извештај од страна на овластениот државен ревизор.

8. Упатениот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата за останување во целост при Забелешките (општи и поединечни) кон Претходниот Извештај на Државниот завод за ревизија и уважување на Приговорот на Конечниот Извештај како и барањето за одбивање на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор како неоснован и нецелосен **не се прифаќа**, поради тоа што одговорното лице за финансиските извештаи за периодот за кој што е извршена ревизијата до денот на изготвување на Решението не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори утврдените состојби со Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор, ниту пак согласно одредбите на Законот за државната ревизија е предвидена постапка на „одбивање на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор“.

**Скопје, 05.09.2007 година** **Главен државен ревизор**

**Д-р Драгољуб Арсовски**